**Известување за концентрација со која ОДМ Цоллецтионс ДОО Белград, Република Србија ќе стекне целосна контрола над Финансиско Друштво ДИЦИТАЛ ФАЈНАНС ИНТЕРНЕШНАЛ ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08- 157 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24), на ден 02.12.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на стекнување целосна контрола од страна на ОДМ Цоллецтионс ДОО Белград (Савски Венац)/(ODM COLLECTIONS DOO BEOGRAD (Savski Venac)), со седиште на ул. Ломина 20 Савски Венац-Белград, Република Србија над Финансиско Друштво ДИЦИТАЛ ФАЈНАНС ИНТЕРНЕШНАЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. "Димитрие Чуповски" бр.12-1/1 Скопје-Центар, Република.

**-ОДМ Цоллецтионс ДОО Белград (Савски Венац)/(ODM COLLECTIONS DOO BEOGRAD (Savski Venac)),** со седиште на ул. Ломина 20 Савски Венац-Белград, Република Србија, со матичен број на компанијата 20899603, со главна дејност-Агенција за наплата на побарувања и кредитни бироа.

ОДМ Цоллецтионс ДОО Белград има регистрирано присуство во Северна Македонија и тоа- Друштво за финансиски консалтинг и услуги ОДМ КОЛЛЕКТИОНС ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. "Димитрие Чуповски" бр.22А/1-3 Скопје-Центар и со основна дејност- дејност на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии.

**-Финансиско Друштво ДИЦИТАЛ ФАЈНАНС ИНТЕРНЕШНАЛ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. "Димитрие Чуповски" бр.12-1/1 Скопје-Центар, со матичен број-7166400 и ЕДБ- 4080016562244, со главна дејност-Друго кредитно посредување.

Концентрацијата настанува на начин што подносителот ОДМ Цоллецтионс ДОО Белград има намера да стекне поединечна, целосна контрола над Целното друштво ДИЦИТАЛ ФАЈНАНС ИНТЕРНЕШНАЛ ДООЕЛ Скопје, со купување на 100% од уделите на истото врз основа на Договор за регулирање на меѓусебни права и обврски во врска со купопродажба и пренос на удел (SPA) од ден 14.08.2024 година заверен во Република Северна Македонија кај Нотар Анета Петровска Алексова под ОДУ бр.1455/2024.

Намерата за стекнување на целосна контрола ќе се спроведе откако Подносителот ќе добие дозвола од страна на органот кој ја одобрува концентрацијата, уредено во Договор за регулирање на меѓусебни права и обврски во врска со купопродажба и пренос на удел (SPA) од ден 14.08.2024 година и ќе склучи Договор за пренос на удел во Целното друштво.

Оваа концентрација се однесува на следниот релевантниот пазар: ***Друго кредитно посредување на територијата на Република Северна Македонија.***

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

05.12.2024 година

Скопје